**Петре Т. Георгиевски**
**Институт за социологија**
**Филозофски факултет-Скопје**

# ВЕБЕРОВИОТ ТИПОЛОШКИ МЕТОД И НЕГОВОТО ВЛИЈАНИЕ ВО СОВРЕМЕНАТА СОЦИОЛОГИЈА

## ABSTRACT

Во трудот се покажува Веберовата оригиналност во поимањето на идеалниот тип и примената во неговите истражувања на "историската индивидуалност", т.е. проучувањето на капитализмот, но и во проучувањето на одредени општествени феномени како што се општествената акција, бирократијата, власта итн. за кои создава идеални типови. Идеалниот тип за Вебер не е цел, туку средство да се разберат и објаснат овие феномени и конкретните ситуации. Влијанието на Веберовиот идеален тип и поширокo типолошкиот метод е едно од најизразените од кое и да е влијание и од кој и да е социолошки класик, и тоа во две насоки: (1) во спротивставувањето со поимањето на неговиот идеален тип и создавање на други типови од методолошка гледна точка (Гурвичевиот "реален" тип, Киниевиот "конструиран" тип и Лазарсфелдовиот "конкретен" тип) и (2) во конкретната примена на идеалниот тип во современата социологија.

Клучни зборови: идеален тип, типолошка анализа,
разбирање, објаснување, компарација, капитализам, индустриско општество,
постиндустриско општество,
бирократија, сиромаштво итн.

## I. ВОВЕД

Веберовата социолошка методологија е мошна комплексна и "слоевита". И кога се сака за неа во целина да се пишува, опфаќајќи ја нејзината "слоевитост", и тоа на вака ограничен простор, неминовно е резултатот да биде симплифицираност или површност. Со цел да се избегне оваа реална стапица, се определив да се ограничам на типолошкиот метод, поконкретно на идеалните типови, со што Веберовиот методолошки придонес е неоспорен и препознатлив, дури и синоним за типолошкиот метод не само во социологијата туку и во другите општествени науки со трајно влијание во социолошката методологија и во конкретните социолошки истражувања.

Целите на овој труд се да го изнесе во кратки црти Веберовото поимање, дефинирање на идеалниот тип; потоа како тој го применува во социолошките истражувања и кои се неговите попознати типологии. Цел на овој труд е да се укаже и накратко да се илустрира влијанието на Веберовото поимање и конкретна примена на "идеал-типскиот" метод во современата социолошка методологија и социолошки истражувања. Ова влијание до ден денешен е мошне големо и интензивно како можеби ниту едно друго во социологијата. Тоа ќе се разгледува во две насоки: (1) во комуникацијата со Веберовиот метод на конструкција на идеални типови и во неговото спротивставување и развивање на други типови и (2) создавање на идеални типови за "историски индивидуалности": па сè до типови на одредени општествени феномени. Ќе се укаже на следните идеални типови: индустриско и постиндустриско општество; идеални типови на општествата на "старата некомунистичка Европа"; селски општества; држава на благосостојба; имашлив работник; традиционален работник и службеник или "член на средната класа", бирократијата и сиромаштвото.

Создавањето на методот на идеални типови и воопшто Веберовото методолошко гледиште настана во една посебна клима и интелектуална традиција во осумдесетите години на 19 век во Германија, интелектуалната клима позната како "борба околу методот", што настана со Менгеровото (К.Менгер)

остварување на одредени основни поставки на историцизмот, кој остро го отфрлаше позитивизмот, особено тезите за непостоење суштинска разлика меѓу методот на природните и методот на општествените (или духовни) науки. Вебер се обиде да заземе средно гледиште меѓу овие две основни спротивставени ориентации и методолошки традиции.

Своето методолошко гледиште Вебер критички го градел и спрема ограничувањата на позитивизмот и спрема едностраностите на историцизмот, особено неговата атеориска и антикаузална насоченост. Иако како термин идеален тип не го измисли самиот тој на што тој укажува, туку навистина го осмисли и разви теоретизирајќи го и преминувајќи ја постапката на апстракција, тој овој метод го применувал во своите грандиозни истражувања широко и длабоко засновани врз **комплативната** постапка и типолошка анализа.

## II. ВЕБЕРОВОТО СФАЌАЊЕ НА ИДЕАЛНИОТ ТИП

Во развивањето на Веберовото методолошко гледиште во социологијата, посебно место има поимат "идеален тип" или *idealtypus* во терминологијата. Веќе уште кај **Димпај** се сретнува историски тип, додека и Е. Диркем зборува за конструирање во мислата идеален тип на општеството, чија кохезија ќе резултира од сличностите. Меѓутоа, кај Вебер поимот идеален тип добива многу позначајно место во социолошката методологија и во повеќе фази во социолошкото истражување:

Идеалниот тип како што го замислува Вебер на истражувачот му овозможува: (а) појасно да го опише предметот на истражување; (б) смислено да се разбере појавата што е предмет на проучување, (в) идеалниот тип овозможува компарација меѓу оваа поимна конструкција и реалната стварност и (г) го овозможува каузалното објаснување; (д) идеалниот тип има хеуристичка улога, улога да се постави хипотеза и да се создава теорија. Како поимна конструкција идеалниот тип според Вебер не е *цел* туку *средство* за постигнување на целта на сознанието, на поврзаноста која од одделни стојалишта има значење, а поради

тоа што содржините на историските поими се променливи, нужно е секој пат тие прецизно да се формулираат (Weber, 1989: 78).

Поимите, според Веберовото сфаќање настануваат по пат на апстракција со чија помош се издвојуваат одредени појави и нивни карактеристики од мноштвото во хетерогената стварност, или стварноста како "хетероген континиум"; подредување на искуствениот материјал на одредено стојалиште, раздвојување и спојување на одделни елементи. Од тука, произлегува дека поимите никогаш не ја содржат целата стварност, целата појава (настан), туку многу помалку затоа тие имаат апстрактен карактер. Концептуализацијата или дефинирањето на поимите и нивното поврзување во мрежа има посебно логичко-теориско значење во социолошкото истражување.

Појдовните точки во оваа постапка на концептуализација на Диркем и Вебер се разликуваат. Додека првиот ги отфрла логичките поими или "пред-поими" како идеолошки, парцијални и ненаучни, вториот ги развива еден од друг користејќи ја притоа постапката на теоретизирање. Во оваа смисла Вебер смета дека и идеалните типови се поими и тоа онаа група на поими кои имаат такви својства кои не се сретнуваат ниту кај една друга група на поими. Всушност и многу поими во општествените науки претсавуваат идеални типови. Се поставува прашањето како се добива идеалниот тип? На ова прашање М.Вебер експлицитно одговара:

"Тој (идеалниот тип - П.Г.) се добива со еднострано *истакнување* на едно или на одделни стојалишта и соединување на цела низа дифузни, дискретни, овде повеќе таму помалку присутни, понекаде отсутни поединечни појави, кој кон тие еднострано истакнати стојалишта се склопуваат во *поим на слика* која во себе е единствена. Во својата поимна чистотија таа поимна слика, никаде не може да се најде во стварноста, таа е утопија, а на историското истражување му станува задача во секој *поединечен случај* да утврди колку стварноста е блиску или далеку од тие идеални слики... Ако внимателно се користи, тој поим прави посебна услуга на целта на истражувањето и на предочувањето. "

(Weber,1989:62).

Самиот Вебер го поставува прашањето: дали станува збор за чиста игра на мислење или за научно плодна творба на поимот? За ова не може никој a priori да одлучи; овде постои само едно мерило, а тоа е мерилото на успешност во спознавањето на културните појави во нивната поврзаност, нивната каузална условеност и во нивното *значење*. Оттука творбата на апстрактен идеален тип не доаѓа предвид како цел, туку како *средство*. (Weber, 1989: 64). Затоа, "идеал - типот" е приказ на мислата, тој не е историска реалност, ниту особено "автентична" реалност. Тој според Вебер има друго значење само како *лимитиран концепт*, само идеал со што истражувачот ја *мери* реалноста за да се разјасни емпириската содржина на некој од нејзините елементи и со што тие се споредуваат. Како мисловна конструкција има слика, идеалните типови ги дефинираат централните аспекти на еден концепт.

Идеалните типови не се сами по себе објаснување, зашто не кажуваат зошто или како нешто се појавува, но истовремено со нивна помош истражувачот може појасно да ја разбере и поадекватно, каузално да ја објасни. Тие се пошироки и поапстрактни концепти како што истакнува Л.Нојмен (Neuman, 1994), што спојуваат повеќе потесни, поконкретни концепти. Методот на идеалните типови претежно го употребуваат истражувачите кои преферираат квалитетна методологија, но од 1960 -те години со повторното "големо" враќање кон Веберовото дело, сѐ почесто го користат и претставници на квантитативната методологија која токму во тие години во американската социологија, беше означена како единствен научна (Smelser) на што се укажа подоцна во испитувањата на социјалната структура.

Оттука, конструираната шема како идеален тип нема друга цел да биде освен инструмент ( средство) на идеално-типска ориентација. Во овој контекс треба да се напрваи дистинкција меѓу процесите на конструирање шема или типови и нивната примена во каузалните интерпретации или објаснувања. Процесот на примена истакнува Џекобс (Јацкобс : 1991) вклучува компарирање на фактичките ситуации со оние кои во шемата се означени како рационални. Преку примената Вебер смета дека може да се расправа за еден од двата заклучоци. (1) Ако акцијата на актерот и ситуацијата кореспондираат со шемата истражувачот може да

пасетува дека неговата акција е рационална во следењето на целта или вредноста определена во моделот - и така изведениот мотив преставува каузално објаснување за конкретната акција . (2) Во ситуацијата која е приближна на онаа во шемата, актерот може да дејствува на различен начин од оној кој е назначен во шемата. Во овој случај се поставува прашањето: Дали тогаш шемите се безначајни или ирелевантни? Во ваквите случаи шемата не може да објасни затоа што нејзиниот explanandum (акцијата) не е пример.

Оттука, шемата (или идеалниот тип) е хевристичка, што значи објаснувањето ќе биде лоцирано во широка категоија на "ирационални фактори" . Во оваа хевристичка улога Веберовите шеми на рационалност вообичаено се опишани како *идеализации*. Појавите се разгледуваат во идеални услови што неможат да се произведат во реалноста (перфектна конкуренција, рационална бирократија, homoeconomicus итн.). Апстракцијата што е неопходна за сите формирања на концепти е идеализирана во извлекувањата на нејзините карактеристики и запоставување на небитните детали. Меѓутоа, идеализацијата стриктно сфатена е процес на селекција на одредени својства или карактеристики.

(Jacobs: 1990: 562-3).

Постапката на конструирање идеални типови, шеми или модели може да се врши во квантитативните истражувања (анкети со прашалници), но и во квалитативните, и тоа не само за конкретни ситуации во кои актерите дејствуваат, туку таа постапка може да се однесува на "историска индивидуа" или уште повеќе на "историска индивидуалност". Еден од попознатите такви типови е оној за капитализмот преставен во *Протестанската етика и духот на капитализмот*. Во оваа гупа на идеални типови се и познатите и неодминливи, цитирани во социолошката литература, типови на акција.

Вебер класифицира три идеални типови на акција (дејствување): (1) *целно - рационална акција* кога некој дејствува во согласност со извесни очекувања во поглед на поведението на предметот на надворешниот свет и другите луѓе, користејќи ги овие очекувања како услови и средства за постигнување на сопствените цели кон кои рационлано се стреми; (2) *вредносно - рационална акција* е онаа кога некој дејствува врз основа на свесното верување во апсолутната вредност на една форма на

поведение, без разлика дали е ова етичко, естетско, религиозно или какво било друго; (3) *афективна акција*, кога некој афективно, и особено емоционално дејствува, поведувајќи се од актуелните афекти и душевната состојба; (4) *традиционална акција*, кога некој дејствува со долго повторување (Weber, 1964:221).

И во проучувањето на власта Вебер создава три идеални типови на власт: (1) *легитимна* (законска) *власт* која е условена со тоа што оние кои се покоруваат настојуваат дадената ситуација да ја искористат во сопствен интерес, значи се врши целно-рационалното проценување што за тоа што е корисно, а што штетно; (2) *традиционална* е онаа *власт* која е условена со обичаите, т.е. со тапо привикнување на еден вид дејствување и (3) *харизматската власт* е условена од чистоефективните мотиви, т.е. со лична наклонетост на оние кои се покоруваат. (Weber, 1964:320).

Макс Вебер во рамките на своите емпириски истражувања собрал огромен емпириски материјал врз чија основа ги извел своите "идеално-типски" воопштувања. Може да се каже дека тој бил изразито интердисциплинарно или трансдисциплинарно насочен; своите податоци и сознанија ги засновува врз основа на многу извори кои спаѓаат во доменот на посебните науки: историографијата, економијата, социологијата, итн (Frane, 1988:211). Оттука, тој можел да елеборира типологија за да диференцира две форми: аскетизам и мистицизам и да ги покаже нивните последици врз однесувањето на индивидуите во областа на економијата, политиката и дури естетиката и ителектуалноста.

Вебер го спротивставува идеалниот тип на "активна аскеза", т.е. една посакувана активност преку Богот и идеалниот тип на мистицизмот "како контемплативно поседување на спасение... во кое индивидуата не е инструмент, туку божје собиралиште" (Schnapper, 1999:16). Врз ова аскетското самоовладување во смисла на рационално-методичен начин на живеење довело до световна ориентација кон владеење со Светот. Световен е исто така конфучионизмот, но сепак не е аскетски како што е протестантизмот, туку тој е мистично насочен. Меѓутоа, еврејството е аскетско, но не е световно. Средновековното христијанство со својот работно-рационален аскетизам, кое било блиску до аскетскиот протестантизам, остана несветовно, т.е. насочено кон надминување на световноста.

Шлухтер (Schluchter, 1979; Frane 1988) ги резимира разликите во етиките на световните религии во следната типологија.

**ПРЕГЛЕД 1**: Шлухтерова типологија на световните религии - засновани врз Веберовите проучувања

| Цели и начин на спасение | ТЕОЦЕНТРИЗАМ | | КОСМОЦЕНТРИЗАМ | |
|---|---|---|---|---|
| Подрачја на испитување | Аскетизам | Мистицизам | Аскетизам | Мистицизам |
| Световно | Калвинизам | | | Конфучионизам |
| Несветовно | Средновековно христијанство Монаштво | Античко христијанство | Еврејство | Стар будизам |

Source: (Schluchter, 1979, Frane 1988)

Оваа типологија придонесува да се разберат однесувањата на индивидуите кои протежираат аскетски пуританизам и оние кои се обземени од мистицизмот во различните подрачја на општествениот живот.

Не навлегувајќи во подетално елаборирање на Веберовото сфаќање на идеалните типови, треба да се согласиме дека покрај внесувањето на категориите *Verstehen* и *спецификата на каузалната анализа* во историјата и социологијата исто е многу значаен епистемолошки придонес, "*идеалниот тип*" и типолошката анализа, можеби е "најважен плод на Веберовите методолошки истражувања, синоним на Веберовото име во науката, поим со кој општествената наука ја подигнал на повисоко рамниште. "

(Marusic, 1989: 19).

Веберовото влијание во конструирањето на "идеалтиповите" и типолошката анализа е многу големо и тоа влијание не престанува и денес. Тоа може да се следи во две насоки: (1) трагањето по конструкција и дефинирање на други општи типови

во социологијата наспроти Веберовиот идеален тип и (2) примена на идеалниот тип во (а)класификација на современите општества и (б) во социолошките истражувања на одредени општествени сегменти.

## III. Трагањето по конструкција и дефинирање на општи типови наспроти идеалните типови

Одредени критички забелешки на Веберовата идеал-типолошка постапка во истражувањето се ставаат во поглед на неприродноста и субјективноста. Неприродноста како што и самиот Вебер сметал, е оддалечување од стварноста, дури како “утопија“. Субјективноста пак, произлегува од влијанието на социологот - конструктор (неговите a priori идеи, предрасуди итн.). Тргнувајќи од ова францускиот социолог Ж.Гурвич (Gurvitch) применил постапка за создавање на *реален тип* како спротивност на типот - идеал - постапка со која се настојува создадениот тип да соодвествува на реалноста.

Според Ж.Гурвич “типологијата треба да биде со **реал**: треба да се направат социјални типови со комбинација на различни ктитериуми преку проучување на реални феномени“ (Del Bayle: 1991: 149-50). Создадените класификации се засновани врз постоење на природни разлики помеѓу појавите, додека оној што прави типологија само ќе ја констатира реалноста без да манипулира со неа. Меѓутоа, ако оваа постапка е поедноставна од онаа на Вебер, како што напоменува Дел Бејл, нејзината примена во практиката не е без тешкотии, критичарите ги ставаат речиси истите забелешки како и на Веберовите идеалтипски конструкции. Згора на тоа, забелешките одат дотаму што реалниот тип не е признаен како “апстракција“ што е случај со идеалниот тип.

Со цел да се надминат наведените ограничувања на Веберовите идеал типови и Гурвичевите реални типови, Мек Кини (Mac Cinney; 1965), го елаборира поимот *конструиран* тип, додека пак Пол Лазарсфелд го предложи поимот *конкретен* тип. Во создавањето на овој тип се тргнува од побогати и продлабочени

информации за појавата што е предмет на истражување, применувајќи обично еден статистички третман на собраните информации (податоци). Со оваа постапка се настојува да се постигне максимум реализам и објективност. Но, и овој конструиран тип како и секој друг претставува неприродност, бидејќи е "конструкција" на истражувачот. Секако, интервенција е неопходна, за да се определи во реалноста кои карактери (карактеристични белези) ќе бидат задржани за дефинирање на типот и кои ќе бидат карактерите што ќе се сметаат за секундарни и запоставливи. Но, и овој тип содржи ограничување на апстрахирање и за генерализација.

Значително поразвиена е постапката на создавање *конкретен тип* елаборирана од познатиот методолог Пол Лазарсфелд и која е наменета претежно за квантитативните истражувања согласно неговото методолошко гледиште што го разви во социолошката методологија. Тој разликува три фази на постапката за креирање на конкретен тип. Првата фаза се состои во определување повеќе атрибути (црти, варијабли, карактеристики, итн.) на една ситуација или на една појава, а секој атрибут да може да презентира два или повеќе модалитети (присуство / отсуство или поголем или помал број на посредни состојби окарактеризирани на квалитативен или квантитативен начин).

Втората фаза се состои во формулирање на сите можни комбинации меѓу различните состојби на задржаните атрибути, а секоја комбинација преставува можен тип. Во третата фаза се проверува погодноста на конструкцијата, спротивставувајќи ја реалноста, а меѓу комбинациите оценети како апстрактно можни во претходната фаза, со опсервација или евентуално со статистички пресметки ќе се определат оние кои вистински постојат и кои ќе бидат задржани во дефинитивната типологија (Басле; 1991: 151). Лазарсфелд оваа постапка ја применува за правење на типологија на односи меѓу родители и деца. Неговата класификација содржи девет типови на односи:

**ПРЕГЛЕД 2**: Типови на односи меѓу родители и деца

| | | Прифаќање од децата | | |
|---|---|---|---|---|
| Родителски авторитет | | целосно | средно | слабо |
| | Силен | | ”Бунтовнички” тип | “Потчинет” тип |
| | Среден | | | |
| | Слаб | ”Независен” тип | | ”Незадоволен” тип |

(Source: Bayle, 1991:152)

Во овој процес како што напоменува Бејл, реалистичката опсервација се јавува во почетокот на првата и во третата фаза. Но, тука е потребна интервенција на истражувачот за да се определат во текот на првата фаза атрибутите кои ќе бидат задржани за правење на типологијата. Ако е така како што пишува П. Лазарсфелд дека ”секој тип на тој начин е изведен со комбинација на суштински атрибути”, тогаш, секако, изборот на ”суштински” атрибути ќе зависи од изборот на истражувачот: со тоа се внесува одредена субјективна димензија во создавањето на *конкретниот тип*, чиј автор исто така настојувал да биде реален и објективен.

Меѓутоа, едно е сигурно дека ниту Гурвичевиот *реален тип* ниту Мек Кинсиовиот *конструиран тип,* не наидоа на такво прифаќање и употреба во современата социолошка методологија и современите социолошки истражувања, како што беше, и сè уште е, Веберовиот *идеален* тип или *типолошки* метод, ако се земе во пошироката смисла што фактички и претставува негов оригинален придонес во социолошката методологија.

## III. Примена на идеалниот тип во класификацијата на современите општества и во истражувањето на одредени општествени сегменти

Многу социолози ја продолжија Веберовата перспектива за типолошка анализа на специфичноста на една посебна *историска индивидуалност*, т.е. на еден единствен настан како што е капитализмот или индустриското општество. Како што истакнува со право Д. Шнапер (Schnapper, 1999:29) оваа перспектива може да се нарече макро-социолошка што се потпира врз историското сознание, засновувајќи се, притоа, врз проектот на компарација имплицитно или експлицитно меѓу конкретните општества.

Во некои случаи се работи да се дадат карактеристики на историската индивидуалност. Во други случаи, со типолошката анализа најнапред се предлага компарација меѓу средните општества; потоа можат да се најдат примери на типологија во рамките на истражувања на социјалната структура, сиромаштвото и на онаа на различните држави на благосостојба.

### А) Типологии на индустриско општество, постиндустриско и општество на западна цивилизација

Директно инспирирајќи се од Веберовата елаборација на двата идеални типа, оној на капиталистичкиот и оној на калвинизмот, Рејмон Арон (Aron, 1962:363, Schnapper, 1999:32-3) елаборира идеален тип на *индустриско* општество. "Наместо да се земе како врвен историски концепт, концептот на капитализмот, ние го избравме оној на индустриското општество", напоменува Р. Арон. Тој, според неговото мислење, ги собира суштинските црти со кои тоа (идустриското општество) радикално се разликува од другите општества. Имено, секоја индустриска економија, капиталистичка или комунистичка, содржи пет црти: 1) претпријатието е одвоено од семејството; 2) од тоа произлегува оригинален тип на производство и поделба на трудот внатре во претпријатието, заснована врз технолошката поделба; 3) економијата (стопанството) се заснова врз акумулацијата на капиталот што му дава прогресивен карактер; 4) тоа неопходно

имплицира рационално економско пресметување и 5) тоа доведува до концентрација на работници на работни места што го поставува прашањето за сопственоста на средствата за производство. Овој идеален тип што го дефинира она што е заедничко за сите индустриски општества често е претставен како таков во учебниците по социологија, истакнува Д. Шнапер. Меѓутоа, важно е да се види дека тој е претставен само како момент на постапката. Авторот го прогласува со повеќе повторувања како "недоволен" и "површен".

Слично постапил и американскиот социолог Даниел Бел (Bell, 1976:35, Schnapper, 1999:35) како и Р. Арон. Тој создал модел на идеален тип на *постиндустриско* општество, кое, според неговото мислење, по 1970-тите години го наследи "индустрикото општество".

Всушност, се работи за тоа да се дефинираат пет "димензии" за да се опфати концептот за постиндустријализам, односно: "економијата", "професионалната поделба" или "општествената структура", "праволинискиот принцип на општествена организација", "целите на иднината" и "процесот на одлучување". Не навлегувајќи во елаборација на сите овие пет димензии на постиндустриското општество што го прави Д. Бел, овде ќе се изнесе само за првата и втората димензија. Така, во првата димензија -економијата, постиндустриското општество се дефинира со преминот од производство на добра, карактеристично за индустриското општество, кон економија на услуги.

Во втората димензија, професионалната поделба или општествена структура се карактеризира со "надмоќност на професионалните класи и на стручњаците" итн. Тргнувајќи од овој идеен пат на постиндустриското општество Д. Бел предлага серија анализи и предвидувања за еволуција на американското општество, сите поврзани со она што ја конструира суштинската црта на неговиот идеален тип, а тоа е трансформација на природата и на ширењето на знаењето (Bell, 1976, Schnapper, 1999).

Речиси еднакво на моделот на индустриското и постиндустриското општество Анри Мандра (Mendras, 1986:31) во контраст со дивјакот и земјоделецот, идеалниот тип на селско општетство го дефинира со помош на следните пет белези: 1) релативна автономија на селските колективитети во однос на

глобалното општество, кое над нив доминира, но истовремено ја толерира нивната оригиналност; 2) структурална важност на домаќинската група во организација на економскиот и социјалниот живот на колективитетот; 3) економски систем на релативна автократија, кој не разликува потрошувачка и производство и кој одржува односи со глобалната економија; 4) локалниот колективитет, што го карактеризираат односи на внатрешно меѓусебно познавање и слаби односи со околните колективитети и 5) решавачка улога на посредување на угледни личности меѓу селските колективитети и глобалното општество. Овие пет белези, меѓусебно нужно поврзани, го прават општиот модел. Различниот распоред во кој ги наоѓаме тие белези, напоменува А. Мандра, ја дефинира групацијата на модели за кои историчарите, етнолозите и социолозите даваат посебни примери.

Истиот автор, А. Мандра, предложи *идеален тип* и на една друга историска индивидуалност на старата некомунистичка "европска цивилизација" на која тој ја додава старата Германија и Чешка. Тој неа ја карактеризира со четири "суштински црти":

1) *Евангелистичкиот и римскиот индивидуализам.* Индивидуата е прва, општествената група е втора и наменета да се задоволат потребите и желбите на индивидуата.

2) *Идејата на нацијата.* Населена со цврсти селани уште од средниот век, Европа од феудалниот премин во Држава - нација без никогаш да ја запознае империјата уште од Карло Велики. Европа на нации се спротивставува на онаа на царствата.

3) *Капитализмот* измислен од XVI век волшебно се расцвета благодарение на *индустријата* и на специфичниот однос меѓу науката и техниката.

4) *Демократијата* или попрецизно владеење на *мнозинството* со респектирање на правата на малцинството (Mendras, 1997:12-13; Schnapper, 1999:39-40).

Овде не се работи, според А. Мандра за "една серија на карактеристики", туку за "суштински црти кои се вклопуваат во еден модел" и "ниеден од четирите елементи не би можел да постои без другите три"; тоа е "аналитичка шема" за "основање на

конструктивни проучувања за општествената промена“ (Mendras, 1997:52). А. Мандра напоменува дека се работи за еден *идеален тип*, дека “историјата тежнее кон овој теориски модел, но на различен начин токму и тука“.

Сличен на концепцијата на претходно изнесениот идеален тип на европска цивилизација е и *идеалниот тип* на *држава на благосостојба*-предложена од Еспин-Андерсен (Esping-Andersen 1990, Schnapper 1999:48). Тој елаборира три идеални типови: “Либерален“ режим (кон кој се приближуваат Соединетите Американски Држави, Канада и Австралија); “Корпорациско-државен“ режим (на кој се сообразуваат Германија, Австрија, Франција и Италија); “Социјал-демократски“ режим (за кој најдобри примери се скандинавските земји). Секој меѓу нив се карактеризира, според неговото мислење, со специфична артикулација на семејството, пазарот и државата.

Постапката на конструирање на идеалните типови и нивната аналитичка употреба е применувана во социјалната структура, сиромаштвото, бирократијата итн.

Така, во студијата на Голторп и неговите соработници *имашниот работник во класната структура* употребиле идеален тип во два момента во нивната работа.

Тие најнапред предложија синтеза на истражувањата кои беа водени пред нив од многубројни социолози за системот на вредности на народните класи во Англија. Потоа, тие предложија типологија, произлезена од нивната сопствена анкета за односите во работата на “имашниот работник“; на “традиционалниот работник“ и на “службеникот“ или “членот на средната класа“. Првата типологија која ги резимирашерезултатите на социолошките трудови што се однесуваа на системот на вредности и на восприемањето на општествениот свет од страна на работниците и службениците (или “средната класа“) земаа предвид четири термини кои содржински беа спротивставени меѓу карактеристиките на работниците и службениците. (Пример, за првиот термин - работниците го чувствуваат општествениот свет во дихотомна форма, поделен на две групи “тие“ и “ние“ - чиј премин

од една во друга е невозможен; Кај службениците ситуацијата е поинаква, бидејќи тие општествениот свет го перцепираат на хиерархиски начин. Тој содржи, според нив, серија на рамништа или диференцирани стратуми со нивниот начин на живот и нивниот престиж.

Оттука, тој е релативно отворен, посебно за оние кои преземаат врз себе одговорност за својата судбина. (Goldthorpe et al., 1969, Schnapper, 1999:19) Оваа типологија беше заснована врз двата суштински критериуми: чувството што работниците го чуваа за својата радикална ориетираност на "тие" и "ние" и нивната тешкотија да ја сфатат иднината. Само од себе произлегува дека сите работници и сите членови на средните класи не се сообразуваат на оваа двојна шема.

Меѓутоа, спротивставувањето меѓу двете средини - доведено до крајности дозволува да се направат сфатливи бројните однесувања набљудувани од социолозите, како на пример, "кратковидиот реализам" или "вкусот на брзите задоволства" на членовите на наредните класи. Во еден друг момент на нивното истражување, анализирајќи ги резултатите од нивната анкета доаѓаат до "теориска дефиниција" на три ориентации што можеле соодветно да им се придружат на имашниот работник, на платениот службеник и на традиционалниот работник. 2. **Кнапер** ги означува на следниот начин: А) инструментална ориентација; Б) бирократска ориентација и В) ориентација на солидарност. И тука се работи за типолошка анализа (Schnapper, 1999:20).

Бирократската ориентација и бирократската организација во социолошките истражувања не се **исчитувани** само со примена на квантитативни процедури како што се анкетите со прашалници туку и врз квалитативни со цел да се проучи колку добро набљудуваните појави се согласуваат со идеалниот тип (модел), што е во Веберовата методолошка традиција. Токму Макс Вебер разви идеален тип за концептот бирократија, кој како таков или прилагодуван спрема предметот на истражување, многу современи социолози го употребуваат. Таквиот идеален тип ја одвојува бирократијата како рационален начин на работење од другите организациски форми. Применуваниот или прилагодуван Веберов идеален тип на бирократија може да се види од следниот Преглед 4, идеален тип кој е адаптиран од Чефец (Chafetz) со осум карактеристични белези:

## ПРЕГЛЕД 4. МАКС-ВЕБЕРОВИОТ ИДЕАЛЕН ТИП НА БИРОКРАТИЈА

- Тоа е континуирана организација водена од систем на правила,
- Владеењето е водено со објективни, не лични правила,
- Постои поделба на трудот, во која различните служби се доделени на различни сфери на компетенција,
- Хиерархиски авторитетните односи преовладуваат, тоа е, пониските сужби се под контрола на повисоките,
- Административните акции, правила и сл., се пишувани и се чуваат во картотеки,
- Индивидуите не поседуваат или не можат да ги купат или продадат своите служби,
- Службениците примаат плата повеќе отколку што примаат директни плаќања од клиенти со цел да се обезбеди лоијалност кон организацијата,
- Сопственоста на организацијата е одделена од сопственоста на службениците.

Адаптирано од Chafetz (1978:72)

Оваа идеална слика на бирократијата се обидува да ги разјасни критичките црти на видот на организацијата што луѓето ја поимаат како бирократија. Се разбира, дека ниту една организација од вистинскиот живот не соодветствува со идеалниот тип на бирократија, но тој на социологот му помага да размислува за неа, да ја проучува и да го сфати и објасни нејзиното функционирање.

Питер Еванс и Џејмс Роуч (Evans & Rousch: 1999) го испитуваа рационалниот тип на бирократија, особено Веберовата теза изнесена и развиена во *Стопанството и општеството* дека бирократијата во капитализмот е средство за пораст (економски - П. Г. ) Користејќи оригинална банка на податоци, тие ги истражуваа карактеристиките на клучните државни економски агенции и рекордите на пораст врз примерокот од 35 држави во развој за

период од 1970 до 1990 година. Нивниот идеален тип на рационална бирократија на овие најзначајни државни економски агенции преку следната "Веберијанска скала" ("Weberianness Scale"):

1) Создавање или несоздавање на нови економски политики внатре во економските агенции;
2) Пропорција од повисоки службеници во овие агенции кои влегуваат во државна служба преку формалниот систем на испитување,
3) Модалниот број на години поминати од страна на еден типичен повисок службеник во една од овие агенции за време на неговата кариера,
4) Карактеристики на (не)можностите за напредување во агенцијата меѓу позицијата на почетното рамниште и шефот (директорот) на агенцијата,
5) Заедничкото или незаедничкото за повисоките службеници во овие агенции да потрошат значителен дел (пропорции) од своите кариери во приватниот сектор, барајќи активност во приватен сектор и во активност во јавен сектор,
6) Оценки за платите (и споредни заработувачки, вклучувајќи ги митото и други екстра законски извори на приходи) на повисоките службеници на овие агенции во однос на оние на менаџерите од приватниот сектор со тешко споредлива обученост и одговорност,
7) Соодност меѓу митото (доколку е вклучено) и другите екстра легални заработувачки,
8) Споредување на движењето на легалниот приход со платите во приватниот сектор во периодот што е назначен во истражувањето (1970 - 1990) ,
9) Проценка на експертите за секоја земја за важноста на државните испити за прием во бирократијата (Evans, Rauch: 1999: 761-2).

Овие карактеристики во предложената "Веберијанска скала" се сметаат како ставки и се поставени во вид на прашања. Со тоа, оваа скала понуди едноставна мерка на степенот до кој

овие агенции користат меритократско врбување и дозволуваат предвидливи наградувани долгорочни кариери. Авторите на оваа пресечно национална анализа (Cross National Analysis), на ефектите на "Веберовата" државна структира за економски пораст пронашле дека "Веберијанските" карактеристики значително ги зголемуваат изгледите за економски пораст дури и кога тие контролирале за почетните рамништа на БНП (Бруто национален производ) *per capita* и човечки капитал. Нивните резултати имплицираат дека "Веберијанството" треба да се вклучи како фактор во општите модели за економски пораст. Тие, исто така, сугерираат потреба за повеќе внимание од страна на оние кои ја креираат политиката за создавање подобри бирократи и повеќе истражување од страна на општествените научници.

Спротивно на ова гледиште и резултатите од пресечно-националното истражување на П.Еванс и Џ.Роуч, Зигмунт Бауман (Bauman, 1989) во неговото високо ценето и влијателно дело *Современоста и холокаустот*, изнесе една од нај страсните и подржувани критики на "бирократската рационалност" што е видена во рамките на општествената теорија за одреден период (Gay, 1999). При ова е уште поинтересно што З.Бауман, за да ја поткрепи својата теза црпи поддршка од делото на Макс Вебер, дури изнесувајќи тврдења дека Вебер е антибирократски сојузник. Имено, З.Бауман смета дека бирократската рационалност и сервилност придонасоа за холокаустот во Германија. Меѓутоа, Пол Геј со некој од Баумановите заклучоци не се согласува особено во поглед на моралната празнина на бирократското однесување, всушност се самите анитези на Вебер.

Во социолошките истражувања на *сиромаштвото е* користена постапката на создавање на идеални типови или типолошкиот метод. Така, Серже Погам (Paugam, 1996; Schnopper, 1999) предлага типологијата на сиромаштвото што овозможува да се споредуваат од таа гледна точка европските нации. Се работи за тоа да се разјаснат националните разлики на општествениот однос кон сиромаштвото. С.Погам разработува типологија во три клучни термини што тој ги означува под имињата: "интегрално сиромаштво", "маргинално сиромаштво" и "дисфункционално сиромаштво".

Кај типот на "маргинално сиромаштво", сиромашните се помалку бројни и тие се забележуваат како неприлагодени во модерниот свет, неспособни во него да партиципираат. Тие се значи стигматизирани, посматрани како социјални случаи, или како "отпадок" на општеството. Нивната ситуација деранжира затоа што таа ги нагласува лимитите или "пукнатините" на системот. Нивната судбина е препуштена на специјалистите, социјалните работници. Маргинализираните не го доведуваат во прашање општествениот ред во неговата целина. Сиромаштвото често се пренесува од генерација на генерација во одредени маргинални групи, тоа станува наследно.

Овој општествен однос е карактеристичен за модерните општества во експанзија во кои невработеноста е слаба, но каде фамилијарната и соседската солидарност се стремат кон распаѓање. Ова станува случај со европските општества на "славните триесети" години на економски развиток. Општествената дебата тогаш се водеше за распределбата на бенефициите на порастот и за зачувување на нееднаквоста меѓу општествените класи. С.Погам смета дека скандинавските земји и Германија, барем во осумдесетите години останаа блиски до овој тип на сиромаштво.

Кај "дисквалификувачкото сиромаштво", сиромашните сѐ повеќе и повеќе стануваат сиромашни. Отфрлени од процесот на производството и поделбата на трудот, тие се зависни од општествените институции. Формите на несигурност се мултиплицираат или се шират низ населението што е опфатено со "наследното" сиромаштво. Семејната солидарност често е слаба, паралелната економија е повеќе ограничена отколку во традиционалните општества. Сѐ повеќе и повеќе лица се потчинуваат на кумулиран хендикеп: слабеење на доходот , недоволни услови за живот, кршливост на семејните и општествените врски, процес на посебно исклучување од колективниот живот. Според Д. Шнапе,во овој тип на сиромаштија се препознава ситуацијата на денешните европски општества во кои се препознава една криза што Роберт Кастел ја нарече "надничарско општество".

# ЛИТЕРАТУРА

Aron, R. (1962), Dix-huit lecon sur la société industrielle, Paris; Galimard, "Idées Buman, Z. (1989), Modernity and the holocaust, Cambridge: Polity Press

Bell, D. (1976), Vers la société postindustrielle, Paris: Laffont; Schnapper, D., (1999), La compénhension sociologique, Paris, P U F.

Chafetz, Janet Saltzman (1978), An example on the construction and testing of theories in sociology. Itasca, IL: Peacock.

Del Bayle, L.L.J. (1991), Introduction aux méthodes des sciences sociales, Toulouse:

Esping - Andersen Goste (1990), The three worlds of welfare capitalisme, Cambridge Polity Press (Scnapper, 1999)

Evans, P., Rauch, J. (1999), Bureaucracy and growth: A Cross-National Analysis of the effects of the "Weberian" state Structures on Economic Growth, *American Sociological Review*, Vol.64, N° 5.

Frane, A. (1998), K Webrovi Protestanski etiki in duhu Kapitalizma, vo knigata: Max Weber (1998) Pretestanska etika in duh kapitalizma, Ljubljana, Scuc Filozofska fakulteta

Gay, P. (1999), Is Bauman's bureau Weber's Bureau?: a comment, *The British Journal of Sociology*, Vol. 50, No 4.

Goldthorpe, J.

Lockwood, D. et al (1969), The affluent worker in the class structure, Cambridge: Cambridge University Press, (Schapper, 1999)

Jacobs, S. (1990), Popper, Weber and the rationalist approach to social explanation, The British Journal of Sociology, Vol. 41, N° 4.

Kinney, M. (1965), Constructive typology and social research in J. T. Doby, An introduction to social research, Harrisburg.

Marusic, A. (1989), Weber, M., Metodologija drustvenih nauka, Predgovor, Zagreb: Globus

Mendras, H. (1986), Seljacka drustva, Zagreb: Globus

Mendras, H. (1997), L'Europe des Européens, Paris: Gallimard

Neuman, L. (1994), Social research methods - Qualitative and quantitative approaches - Boston: Allyn and Bacon

Paugam, S. (1966), L'Exclusion. L'éta des sovoirs: pauvrté et exlusion - la force des contrastes nationaux, Paris: La Découverte.

Schluchter, W. (1997), Die Entwicklung des Okzidentalen Rationalismus, J.C.B. Mohr, SS 238. (Frame, A., 1988).

Schnapper, D. (1999), La comphréhension sociologique - Démarche de l'analyse typologique, Paris: Press Universitaires de France

Weber, M. (1989), Metodologija drustvenih nauka, Zagreb: Globus